# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе за период 01.01.2013-31.12.2013 година

**Свети Николе, март 2014 год.**

Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе во состав Стојанче Стојанов – Претседател на одборот, Ѓорги Стојанов – извршен член – Генерален директор, Василка Стоилова – независен член, Владимир Гилев и Драгољуб Ноколов - неизвршни членови, согласно законот за трговски друштва и статутот на друштвото до акционерите го доставува овој годишен извештај за својата работа во текот на 2013 година. Во рамките на своите надлежности Одборот ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управување а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.01.2013 до31.12.2013 година, одржани се вкупно 25 состаноци на Одборот на директори, и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. За истите е запазена законската процедура за свикување и одржување со однапред утврден дневен ред согласно законот и Статутот на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потребниот кворум за работа и полноправно одлучување.

На седниците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото а исто така и прашања од општ интерес на друштвото.
Донесени се преку 50 (педесет) одлуки.

- **РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ**

Во извештајниот период на седниците на одборот беа разгледувани и усвојувани следните извештаи:

-Редовни тромесечни извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото како и за финансиската состојба на истото. Сите квартални извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори.

-Годишен извештај и завршна сметка на друштвото за 2012 година.

-Извештај на овластениот ревизор и неговите заклучоци.

-Разгледување на извештајот на централната пописна комисија по направениот годишен попис.

-Одлука за свикување на Собрние на акционери

- **РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАБОТА**

На една од седниците на одборот на директори беше разгледуван и планот на деловната 2013 година. Предложениот план не е зголемен во однос на претходниот од причина што во вакви отежнати услови на работа не се очекува поголемо зголемување на резултатите. Секоја економска единица има свој план кој треба да го оствари за да ги покрие сопсттвените трошоци, дел за акомулација а сите да ги покриваат и трошоците на заедничките служби.

- **ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ**

И во оваа деловна година се донесе одлука за откажување на договор за вработување од деловни причини( технолошки,економски,организациони и слични промени) према укажаната потреба. Во моментот тоа предствува зголемување на трошоците поради исплата на отпремнина но и заштеда гледајќи долгорочно.

**Одбор на директори**
**Претседател,**
**Стојанче Стојанов**

Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали, акционерско друштво БИМ Св. Николе